**Република Македонија**
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**- Генерален секретаријат -**
**Бр.04-3673/26**
**7.6.2018 година**
**Скопје**

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/2014, 199/2014, 48/2015 , 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018) и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/2015 и 35/2018), а во врска со Интерниот оглас 1/2018 објавен на 9.5.2018 година и исправката на Интерниот оглас 01/2018 за унапредување на административни службеници во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, објавен на 10.5.2018 година на интернет страниците на Владата на Република Македонија и на Агенцијата за администрација, за унапредување на административни службеници генералниот секретар на Владата на Република Македонија донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на 1 извршител - кандидат за унапредување на работно место раководител на Одделение за следење и анализа на државни стратегии, конкурентност, деловна клима и координација на проекти помогнати од меѓународната заедница**

1. За извршител на работите на работно место раководител на Одделение за следење и анализа на државни стратегии, конкурентност, деловна клима и координација на проекти помогнати од меѓународната заедница, во Секторот за економски политики структурни реформи и инвестиции при Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија се избира кандидатот **Маја Бариќ Чочкова.**
2. Именуваната ќе биде унапредена на работно место од предходната точка, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за унапредување.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Комисија за селекција на кандидати за унапредување формирана со Решение на генералниот секретар на Владата на Република Македонија бр.04-3673/16 од 17.5.2018 година, во функција на спроведување на постапката за унапредување на административен службеник за извршување на работите од точка 1 на оваа одлука, по објавување на Интерниот оглас 1/2018 на 9.5.2018 година и исправката на истиот објавена на 10.5.2018 година на интернет страниците на Владата на Република Македонија и на Агенцијата за администрација, за унапредување на работно место раководител на Одделение за следење и анализа на државни стратегии, конкурентност, деловна клима и координација на проекти помогнати од меѓународната заедница, спроведе проверка на веродостојноста на доказите, а интервјуто за наведеното работно место го спроведе генералниот секретар на Владата на Република Македонија.

По спроведената проверка на веродостојноста на доказите, интервјуто и извршеното бодирање, Комисијата изготви конечна ранг-листа.

Врз основа на предложената конечна ранг-листа, генералниот секретар на Владата на Република Македонија изврши избор како во деопзитот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се изјави жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 дена од објавувањето на одлуката на веб страницата.

**ДОСТАВЕНО ДО:**

- Именуваната
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Агенција за администрација
- Архива

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА • СКОПЈЕ •